**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**======================**
**ПРОТИВПОЖАРЕН СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА**

# П Р А В И Л Н И К
## за видот и изгледот на униформата и ознаките на униформата на доброволните противпожарни единици

**Скопје, септември 2014 година**

Врз основа на членот 22 став 5 од Законот за пожарникарството („Сл. весник на РМ“ бр. 67/04, 81/07 и бр 55/13), а по предходно прибавено мислење од Дирекцијата за заштита и спасување, Противпожарниот сојуз на Македонија на ____________ 2014 година донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за видот и изгледот на униформата и ознаките на униформата на доброволните противпожарни единици

## I. Општа одредба

Член 1

(1) Со овој Правилник се уредува видои и изгледот на униформата, како и ознаките на униформата на пожарникарите во доброволните противпожарни единици.

## II. Вид и изглед на униформата

Член 2

(1) Пожарникарите во доброволните противпожарни единици имаат работна униформа и обувки кои се состојат од:
- Капа;
- Блуза-виндијакна;
- Панталони;
- Маица со кратки ракави-„поло„;
- Маица со кратки ракави;
- Џемпер-блуза;
- Чевли.

(2) Пожарникарите во доброволните противпожарни единици може да имаат и свечена униформа која се состои од:
- капа-шапка;
- палто;
- кошула;

- вратоврска;
- панталони;
- чевли.

Член 3

(1) Униформата на пожарникарите во доброволните противпожарни единици од членот два (2) став еден (1) од овој Правилник го има следниот крој и боја:

1. Кројот и изгледот на капата е „бејзбол“ капа во темносина боја. На предната страна капата, над стреата, аплицирана е пожарникарска значка/амблем;

2. Блузата – виндијакна е со класичен крој, во темносина боја, од внатрешната страна поставена. На предниот дел, во висина на градите има џебови, а долните џебови на блузата се закосени со лајсна. Блузата се изработува од материјал 55% волна и 45% полиестер. Блузата се закопчува на патент-затварач и копчиња;

3. Панталоните имаат вообичаен класичен крој, во темносина боја, се изработува од материјал 55% волна и 45% полиестер. Панталоните од предната страна имаат два закосени џебови, од страните два џеба, а од задната страна два џеба;

4. Маицата со кратки ракави -„поло„ и маицата со кратки ракави се со класичен крој, во темносина боја, а се изработуваат од ткаенина 100% памук;

5. Џемперот има класичен изглед, во темносина боја, а се изработува од 100% волна;

6. Чевлите се стандарден модел во црна боја, со зајакнат долен дел и потпетица, погодни за работа и пешачење

Член 4

(1) Униформата на пожарникарите во доброволните противпожарни единици од членот два (2) став два (2) од овој Правилник го има следниот крој и боја:

1. Капата – шапка е со класичен изглед, во тегет боја. Горниот дел на капата е оивичен со егализир во жолто-златна боја. Капата има сонцебран во црна боја кој по ивицата има двокрака, а на горниот дел трикрака плетенка во жолто-златна боја. Капата е изработена од ткаенина 85% волна и 15% полиестер;

2. Палтото е со класичен изглед во тегет боја, со должина до средината на дланките. Во висина на градите, како и на двете страни на долниот дел, палтото има по два правоаголни џебови со фалти. Околувратникот на палтото е оивичен со егализир во жолто-златна боја. Палтото се закопчува со три копчиња на кој што е аплициран амблемот на Противпожарниот сојуз на Македонија во жолто-златна боја. Палтото има нарameници за поставување на функционални ознаки. Палтото е изработено од ткаенина 85% волна и 15% полиестер;

3. Кошулата е со класичен крој, во бела боја изработена од ткаенина 55% памук и 45% полиестер;

4. Вратоврската е со класичен крој во темносина боја;

5. Панталоните се со класичен крој, без манжетни, во тегет боја, изработени од ткаенина 85% волна и 15% полиестер. На ногавиците на панталоните од надворешната страна има егализир во жолто-златна боја;

6. Чевлите се класичен модел, изработени од кожа во црна боја.

## III. Ознаки на униформата

Член 5

(1) Ознаките на униформата од членот два (2) ставот еден (1) од овој Правилник се:

1. На предниот дел, над сонцебранот од капата, аплициран е амблемот на Противпожарниот сојуз на Македонија;

2. На блузата виндијакна, на предниот дел во висина на градите е аплициран амблемот на доброволното противпожарно друштво во чиј состав делува доброволната противпожарна единица. На левиот ракав од блузата во висина на надлактицата е аплициран амблемот на општинскиот противпожарен сојуз на кој

припаѓа доброволното противпожарно друштво. На блузата може да биде аплициран и амблемот на општината на чија територија што делува добровлната противпожарна единица;

3. На маицата – „поло“, маицата со кратки ракави и на џемперот се аплицираат ознаките од ставот еден (1) точка два (2) од овој член;

4. На блузата виндијакна, маицата – „поло„, маицата со кратки ракави и на џемперот, на левата страна во висина на градите, во правоаголна форма, за пожарникарите во сребрена боја се аплицира текстот „пожарникар“, а за командирот во жолто златна боја се аплицира текст „командир“.

Член 6

(1) Ознаките на униформата од членот два (2) ставот два 2) од овој Правилник се:

1. На капата – шапка над сонцебранот, во средината, има пожарникарска значка со амблемот на Противпожарниот сојуз на Македонија;

2. Палтото од членот четири (4) ставот еден (1) алинеја два (2) од овој Правилник ги има ознаките од членот пет (5) ставот еден (1) алинеја два (2) од овој Правилник. На нарамениците на палтото за пожарникарите има трикрака плетенка во сребрена боја, а за командирот на единицата во златна боја.

## IV. Преодни и завршни одредби

Член 7

(1) Овој Правилник влегува во сила по истекот на 15 дена, сметано од денот на неговото донесување.

Член 8

(1) Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи членот 8, 9 10 и 11 од Правилникот лична заштитна опрема, видовите и минималните количини на противпожарната опрема, како и видот и изгледот на униформата и ознаките на униформата на доброволните противпожарни единици,

на Противпожарниот сојуз на Македонија бр. ______________ од _________________.

| | |
|---|---|
| Бр. _________________ | **Противпожарен сојуз на Македонија** |
| __________ 2014 година | **П р е т с е д а т е л** |
| | Проф. д-р Никола Николов |